INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Адреса: Улица “20 Октомври”бр.8, втор кат
1000 Скопје, Македонија
Тел/Факс: +389 2 3113 059
Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

# Податоци од спроведена телефонска анкета за перцепцијата и мислењето на граѓаните во врска со политичката криза.

***Вовед***

Во период мај-јуни 2016, Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, спроведе истражување на јавното мислење на жителите од осумте региони во Р. Македонија: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски, на репрезентативен примерок од 900 испитаници.

За внесувањето и обработката на податоците беше користен професионален софтвер пакет SPSS за Windows.

Алатките за прибирање на податоци (прашалниците) беа конструирани од страна на членовите на истражувачкиот тим.

***Дел од добиените податоци од спроведена телефонска анкета***

Овие податоци се однесуваат на перцепцијата и мислењето на граѓаните во врска со политичката криза.

Првото прашање се однесува на мислењето на испитаниците за тоа дали политичката криза во која што се наоѓа земјата ја загрозува нејзината стабилност и безбедност. Според добиените резултати само 10,3% од испитаниците сметаат дека политичката криза нема такво влијание врз безбедноста на земјата , додека најголемиот процент од испитаниците (83.3%) сметаат дека политичката криза ја загрозува безбедноста на земјата.

**ДАЛИ СМЕТАТЕ ДЕКА ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА ЈА ЗАГРОЗУВА СТАБИЛНОСТА НА ЗЕМЈАТА?**



Адреса: Улица “20 Октомври”бр.8, втор кат
1000 Скопје, Македонија
Тел/Факс: +389 2 3113 059
Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

На прашањето дали сметаат дека договорот од Пржино нуди поволно решение за излез од кризата, и покрај неисполнетоста на договорот, најголемиот дел од испитаниците, 53,3% сметаат дека овој договор се уште е поволно решение за излез од кризата, додека 30,3% се изјасниле дека не знаат, односно не се сигурни дали овој договор е решението за излезот од политичката криза. Само 15,2% од испитаниците сметаа дека овој договор не е решение за излез од кризата. Овие податоци говорат дека се уште постои доверба кај граѓаните во договорот од Пржино.




Поставено беше и прашањето во поглед на тоа каква, според нив, треба да биде формата на евентуалната преодна влада. Над половина од испитаниците сметаат дека тоа треба да биде влада составена од „непартиски луѓе или експертска“ (54,3%), речиси четвртина од испитаниците (23%) сметаат дека тоа треба да биде составена од четирите најголеми партии. Помал дел од испитаниците (15,4%) понудија свои решенија во поглед на владата. Меѓу понудените одговори се наоѓаа: влада добиена од спроведени избори, постоечката владина коалиција (ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ), влада составена од опозициските партии и граѓанскиот сектор, комбинација од партиски и непартиски луѓе, влада составена од сите политички партии со еднаква меѓусебна поделба.

Адреса: Улица “20 Октомври”бр.8, втор кат
1000 Скопје, Македонија
Тел/Факс: +389 2 3113 059
Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

**ДАЛИ СМЕТАТЕ ДЕКА ФОРМАТА НА ЕВЕНТУАЛНА ПРЕОДНА ВЛАДА ТРЕБА ДА БИДЕ:**




Овие податоци говорат за намалената доверба на граѓаните во политичарите, но исто така се забележува намалена доверба во невладиниот сектор. На прашањето како ја оценуваат работата на НВО сектор (со оцена од 1 до 5), испитаниците ја дале оцената 2,97.

**КАКО ЈА ОЦЕНУВАТЕ РАБОТАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ/НВО? (1- најниска, 5-највисока)**

